*Д. ДИМЕСКИ*

# ЈОСИФОВАТА ПРОВАЛА ВО 1902 ГОДИНА

Метаморфозата на Битолскиот револуционерен округ во крепост на Тајната македоно-одринска револуционерна организација (натаму скратено ТМОРО) не е случајна.

Во деновите кога врховистите засилено атакувале на ТМОРО на надворешен и внатрешен план, во деновите на инфилтрацијата на врховистичките елементи во ЦК на ТМОРО по познатата Солунска провала 1901 година, Битолскиот револуционерен округ останал релативно чист.[1])

Приматот што го добил Вториот револуционерен округ над другите окрузи на ТМОРО во почетокот на 1902 година, покрај низа фактори, според Силјанова, најмногу се должел на Делчевиот престој и ,,воспитната улога" на Марковата чета.[2])

Несомнено дека Делчевиот престој придонесол за стабилизацијата на организационите редови и дал импулс за натамошен растеж на револуционерното движење во Битолскиот округ.[3]) Воедно Делчев ги разбил дилемите на раководниот кадар истакнувајќи ја на прво место максимата дека ,,востанието е средство, а не цел".[4])

Без сомнение, четата на Марко Лерински била своевиден расадник на раководни кадри кои придонесле за подемот на четничкиот институт на Организацијата во Округот.

---

[1]) ,,Ние, најоддалечените од Софија, знаевме дека се води борба меѓу централисти и врховисти, но до пристигањето на Делчев не бевме добро запознати со таа борба . . .

. . . Ние во Битола ја следевме борбата со голем интерес, но не се вовлековме во неа, а продолживме да се готвиме против вековниот непријател, (Революционната борба в Битолския окръг. — Спомени от Георги п. Христов, София, 1953, 37).

[2]) Христо Силяновъ, Освободителнитѣ борби на Македония, София, 1933, т. I, 131.

[3]) Сп. Спомени на Анастас Лозанчев, ракопис, ИНИ, Скопје, сл. IV/84, 11.

[4]) Революционната борба в Битолския окръг, . . ., 38.

Меѓутоа, не треба да се изгуби од предвид улогата на Даме Груев, кој како затвореник неполни две години во свои раце ги држел нишките на Организацијата во Округот.[5])

Меѓутоа, при ова не смее да се запостави улогата и дејноста на Окружниот комитет во Битола.

Поволнага клима во Битолскиот револуционерен округ, создадена по Делчевиот престој, наскоро била нарушена.

Во м. февруари 1902 година пламнала т.н. Јосифова провала[6]), прва од серијата провали што во 1902 година ја затресле мрежата на ТМОРО во Битолскиот вилает.

Иако Јосифовата провала настанала сосем случајно, нејзе ѝ кумувала Битолската организациона чета предводена од Стојан Донски.[7])

Спомнатата чета не се ни обидувала својата организационо-агитаторска дејност по полските села да ја завие под превезот на конспирацијата. Оттаму не е чудно што за неа наскоро дознала официјалната турска власт. Веднаш била испратена потера во потрага по четата. Меѓутоа, Стојан Донски навреме ја засолнал четата на Пелистер без да го извести пред тоа Окружниот комитет на ТМОРО во Битола за таа своја намера.[8])

---

[5]) Хр. Силяновъ, op. cit., 111; Историја на македонскиот народ, ИНИ, Скопје, 1969, т. II, 196. Меѓутоа, при ова не смее да се запостави улогата и дејноста на Окружниот комитет во Битола.

[6]) Къмъ борбитѣ въ Югозападна Македония (Кичевско, битолско, леринско, преспанско, дебърско). По спомени на Лука Джеровъ, *Георги йопъ Христовъ*, Ангелъ Андреевъ, Георги Папанчевъ и Лазаръ Димитровъ. — Съобщава Л. Милетичъ, МНИ, София, 1926, кн. IV, стр. 36—37; Революционната борба в Битолския окръг . . ., 40—43; Хр. Силяновъ, op. cit., 141; Спомени на А. Лозанчев. ракопис . . ., 11.

Во Мемоарот на Внатрешната организација е именувана како „Битолска афера" (Македония и Одринско, Мемоаръ на Вътрѣшната организация, 1904, 63); Сл. Арсов ја спомнува како „афера во Егрите". (Въстаническото движение въ Югозападна Македония (до 1904 г.), По спомени на Сл. Арсовъ. — Съобщава Л. Милетичъ, МНИ, София, 1925, кн. I, 28).

[7]) Во летото 1901 година, Стојан Донски од с. Битуша (Битолско), којшто неодамна се вратил од Србија, на инсистирање од Д. Груев бил придобиен за делото од страна на Ѓ. П. Христов.

При немање на попогодна личност за војвода, есента 1901 година Стојан Донски бил назначен за привремен војвода на новоформираната Битолска чета на Организацијата.

По разгорувањето на Јосифовата провала, Стојан Донски со четата, преку Пелистер, се префрлил во Ресенско. Меѓутоа, кратко време потоа ја напуштил четата и со двајца другари се префрлил во Кичевско. Но и таму не останал долго. Откако убил 2—3 Турци, пребегал во Србија.

Сп. Къмъ борбитѣ въ Югозападна Македония . . ., 36; Революционната борба в Битолския окръг . . ., 35—36, 41; Въстаническото движение . . ., 28, 37—38, 41.

[8]) Революционната борба в Битолския окръг . . ., 40—41.

Тие денови, конкретно на 3/16 февруари 1902 година[9]) изгорела плевна во с. Долно Егри.[10]) Наоѓајќи се во конфликтни односи со брата сѝ, сопственикот на плевната Петар посомневал дека плевната ја потпалил брат му.[11]) За одмазда Петар, кој не бил член на Организацијата, го наклеветил на турскиот ќаја во селото сопствениот брат дека одржува врски со комити.[12])

Случајно во селото се затекнала турска потера од 13—14 души, која тргнала во потрага на четата на Донски.[13]) Спорот меѓу браќата му послужил на турскиот чауш како одличен повод да започне истрага и по пат на пресија да дознае нешто повеќе за „комитите". Меѓутоа, брат му на Петар се покажал достоен на заклетвата на Организацијата. Бил цврст и ништо не признал. Тогаш ќајата и чаушот го обвиниле Петрета дека лажно го наклеветил брата сѝ. Заплашен, Петар[14]) го посочил најдобриот пријател на брат му Насте дека сѐ знаел. Насте[15]) се покажал слаб. Признал дека во селото доаѓале комити. По сѐ изгледа, како нивни водичи ги посочил Тодора Лозанов и Петко Велков од соседното село Букри. Истиот ден потерата, откако со себе го повела Атанаса Милев, отишла во с. Букри и ги подложила на тортура спомнатите двајца селани од Букри. Се чини дека едниот од нив признал дека со четата доаѓал во нивното село Јосиф Петков од с. Жабјани, Битолско.[16])

---

[9]) Овој датум го утврдивме по индиректен пат. Имено, тој ден бил уапсен Атанас Милев од с. Д. Егри. Сп. Точенъ списъкъ на политическитѣ затворници въ Битолския затворъ, в. Право, II/29 (37), София, 6.IX.1902, 2.

[10]) Cf. фусн. 9.

Г. П. Христов го спомнува само името на селото Егри, без да нагласи конкретно за кое се работи: Горно или Долно Егри. Къмъ борбитѣ въ Югозападна Македония . . ., 36; Револиционната борба . . ., 41; Хр. Силяновъ, op. cit., 141.

[11]) Во Мемоарот на Внатрешната организација погрешно се истакнува дека избил спор меѓу двајца браќа во с. Букри. Сп. Македония и Одринско (1893—1903), Мемоаръ на Вѫтрѣшната организация, 1904, 63. Не успеавме да го откриеме презимето на браќата.

[12]) Къмъ борбитѣ въ Југозападна Македония . . ., 36; Революционната борба в Битолкия окръг . . ., 41.

[13]) Къмъ борбитѣ . . ., 36.

Меѓутоа, подоцна Ѓ. П. Христов говори дека потерата броела околу 15 луѓе. (Революционната борба . . ., 41).

[14]) Къмъ борбитѣ . . . ., 37.

Подоцна, Ѓ. П. Христов се коригира и тврди дека и Петар добил „ќотек". Сп. Революционната борба . . ., 41.

[15]) Ѓ. П. Христов го спомнува само неговото име Насте. Сп. Революционната борба в Битолския окръг . . ., 41. Тоа секако бил Атанас Милев. Cf. фусн. 9.

[16]) Ѓ. П. Христов категорично тврди дека Насте го предал Јосифа Петков. (Къмъ борбитѣ . . ., 37). Ова гледиште го прифатил и Силјанов. Сп. Хр. Силяновъ, op. cit., 141.

Меѓутоа, многу е пореална претпоставката дека Милев ги предал само двајцата селани од Букри, а оние пак го предале Јосифа Петков. Само така може да се протолкува фактот што Ј. Петков бил одведен на соочување во с. Букри, а не во с. Д. Егри.

Веројатно оттаму резултира погрешниот податок во Мемоарот на Внатрешната организација за местожителството на двајцата браќа. Cf. фусн. 11.

Нивните искази биле достатни за нивното апсење и спроведување во битолскиот затвор. Така, на 3/16 февруари 1902 година биле уапсени:

1. Атанас Милев од с. Д. Егри, 28-годишен;

2. Тодор Лозанов од с. Букри, 25-годишен; и

3. Петко Велков од с. Букри, 55-годишен.[17])

Помеѓу 3/16 и 6/19 февруари бил фатен и уапсен (4.) Јосиф Петков од с. Жабјани, којшто бил преселен во Битола.[18])

Јосиф Петков бил сметан за еден од најдобрите и најверните работници на Организацијата. Своевремено делувал во терористичката група на Нечо Егренец. Меѓутоа, станал познат како курир на Организацијата. Меѓу другото, кон крајот на 1901 година му бил курир на Делчев на релацијата Битола—Леринско.[19])

Поаѓајќи од неговите дотогашни заслуги за Организацијата, ретко кој можел да се посомнева во неговата истрајност и преданост на делото. Меѓутоа, Јосиф не ги поседувал квалитетите на Доне Штипјачето.

Во с. Букри, каде што бил одведен на соочување, бил подложен на жестока тортура. Меѓу другото, бил поливан со врело масло, под мишките му биле ставани врели јајца и сл. Притоа бил „советуван да посочи извесни лица—учители и граѓани за комити". Воедно биле затворени син му и брат му.[20])

Не можејќи повеќе да издржи, Јосиф започнал да предава.[21]) Многу тајни на Организацијата ѝ станале достапни на турската полиција, која и самата била изненадена од таквиот пресврт на настаните.

Меѓутоа, турската полиција применила луцидна тактика. Извесно време молчела за дознаените тајни. Се добивал впечаток дека Јосиф ништо не предал.[22])

---

[17]) Точенъ списъкъ на политическитѣ затворници в Битолския затворъ, в. Право, II/29 (37), София, 6.IX.1902, 2.

[18]) Во Мемоарот погрешно е даден датумот на апсењето и предавството на Јосифа (12/25.II.). Македония и Одринско, Мемоаръ . . ., 63.

Точниот датум на апсењето на Јосифа не е познат. Јосиф е уапсен и почнал да предава во времето помеѓу првото апсење на 16 февруари и следното апсење на селаните од Барешани.

[19]) Революционната борба в Битолския окръг . . ., 31, 41.

[20]) Чашата на търпѣнето се прѣпълва, — в. Дело, I/бр. 8, София, 28 февруарий 1902, 3.

Ѓ. П. Христов го застапува мислењето дека Јосиф бил одведен в. с. Егри на соочување со Настета. (Революционната борба . . ., 41) Cf. фусн. 16.

[21]) Не е точно изнесеното гледиште во Мемоарот дека Јосиф не бил мачен. Сп. Македония и Одринско, Мемоаръ . . ., 63.

Тврдењето на Ангел Динев дека Јосиф бил поткупен од власта е далеку од вистината. Сп. Ангел Динев, Илинденска епопея, София, 1946, т. I, 191.

[22]) Революционната борба в Битолския окръг . . ., 41.

Започнале апсења, но дискретно, по селата.

Така, на 6/19 февруари 1902 година во с. Барешани биле уапсени:

5. Никола Котев од с. Барешани, 22-годишен;

6. Петре Георгиев од с. Барешани, 37-годишен;

7. Ристе Каранфилов од с. Барешани, 71-годишен.[23])

Неколку дена подоцна, на 9/22 февруари 1902 година била извршена рација во с. Жабјани и притоа биле фатени и одведени во битолскиот затвор следниве лица:

8. Цветан Јованчев од с. Жабјани, 45-годишен;

9. Стефо Бошев од с. Жабјани, 30-годишен;

10. Дине Котев од с. Жабјани, 55-годишен;

11. Јован Наумчев од с. Жабјани, 45-годишен;

12. Петре Талев од с. Жабјани, 45-годишен;

13. Петре Димев од с. Жабјани, 30-годишен;

14. Гроздан Наумчев од с. Жабјани, 35-годишен. [24])

Дошло и до предавање на пушките.[25])

Нешто подоцна, селото Барешани одново било подложено на терор. Познатите разбојници Адем и Љуман, коишто биле осудени на заточение поради нивните злодела, „денеска не само што не се заточени туку уште го тиранизираат населението. Пред неколку дена отишле во реченото село, ти тепале селаните, а особено учителот Васил П. Стефанов со уште двајца други. Селаните се поплакале во Битола кај валијата, но и тоа не помогнало. Не стигнува само тепањето, но уште учителот и други двајца се затворени.“[26])

Ова речито говори дека турската полиција не била единствената што го тероризирала населението во врска со Јосифовата провала. Дури и нешто повеќе: таа ги финализирала злоделата на разбојничките банди.

Веројатно, разните разбојнички банди сестрано го искористиле дадениот повод за отворена уцена и пљачка на населението. Меѓутоа, за тоа не располагаме со конкретни податоци.

---

[23]) Точенъ списъкъ на политическитѣ затворници . . ., в. Право, II/29 (37), 2.

[24]) Ibidem.

[25]) Къмъ борбитѣ въ Югозападна Македония . . ., 37; Хр. Силяновъ, op. cit., 141.

[26]) Двама ненаказани разбойници, — в. Дело, I/9, София, 8 мартъ 1902, 4.

Јосиф Петков бил запознат со каналот за пренесување на оружје од Грција. Тој контактирал со куририте и пренесувачите на оружје, како и со некои раководители на Организацијата во Округот. Затоа, со своето предавство ѝ задал тежок удар на Организацијата.[27])

Меѓу другото, тој ги предал леринските курири Тане, Ѕоле и Димитар од с. Пополжани, Леринско[28]), како и крушевскиот курир и доставувач на оружје Никола (Кола) Михајлов.[29])

Секако, последните двајца курири од Леринско биле уапсени пред 18 февруари ст. ст. /3 март н. ст. 1902 година — кога била извршена рација во с. Пополжани.[30])

Изгледа дека со истрагата раководел препредениот турски полицаец Саид-ефенди.[31])

Вешто маневрирајќи, по првите апсења во битолските села, турската полиција ја свртила острицата на мечот спрема леринските села.

Така, на 13/26. II. 1902 год. бил затворен:

15. Панде Јованов од с. Лесковец, Леринско, 35-годишен.[32])

Неколку дена подоцна, на 17. II. ст. ст. /2 март н. ст. 1902 год. бил затворен:

16. Петко Трпчев од с. Асаново, Леринско, 25-годишен.[33])

---

[27]) Македония и Одринско, Мемоаръ . . ., 63; Революционната борба въ Битолския окръг . . ., 41.

[28]) Революционната борба . . ., 42.

Во првите публикувани спомени Ѓ. П. Христов говори само за еден лерински курир — Косе Ѕоле. Сп. Къмъ борбитѣ . . ., 37; Силяновъ, op. cit., 141.

За затворање на некојси Тане, како и на двајца Турци говори и Н. К. Мајски, Според него, тројцата ништо не признале. Сп. Никола Кировъ — Майски, Крушово и борбитѣ му за свобода, София, 1935, 25.

[29]) Н. Кировъ — Майски, op. cit., 25.

Ѓ. П. Христов го споменува само името и народноста: Кола Влашето од Крушево. (Къмъ борбитѣ въ Югозападна Македония, 37).

Според Силјанова, Кола бил предаден од Косе Ѕоле, а не од Јосифа. Сп. Хр. Силяновъ, op. cit., 141.

[30]) Точенъ списъкъ на политическитѣ затвореници въ Битолския затворъ, — в. Право, II/30 (38), София, 13.IX.1902, 2.

Ѓ. П. Христов смета дека сите тројца курири од Пополжани биле затворени на 19.II. ст. ст. /4 март н. ст. 1902 г. (Революционната борба въ Битолския окръг..., 42)

[31]) Революционната борба въ Битолския окръг . . ., 42.

Саид-ефенди подоцна влегол во составот на крушевската Анкетна комисија. Сп. Д. Димески, Ракитничката провала, 1902 г., — сп. Историја, VI/2, Скопје, 1970, 142.

[32]) Точенъ списъкъ . . ., в. Право, II/29 (37), 2.

Во Мемоарот погрешно е дадено името на селото. Фигурира како Лесново (Македония и Одринско, Момоаръ . . ., 63). Треба да стои Лесковец. Сп. Точенъ списъкъ . . ., в. Право, II/29 (37), 2; Хр. Андонов — Полјански, Еден непознат статистички преглед за населението во Битолскиот вилает од 1897, Год. зборник на Филозофскиот фак. на Универз. во Скопје, кн. 21 (1969), стр. 101.

[33]) Точенъ списъкъ . . ., в. Право, II/29 (37), София, 6.IX.1902, 2.

По затворањето и предавството на спомнатите двајца курири од Пополжани, (17,18) било извршено масовно апсење во с. Пополжани, Леринско.

Притоа, на 18 февруари ст. ст. /3 март н. ст. 1902 год. биле уапсени:

19. Поп Стефан Илиев од с. Пополжани, 38-годишен;
20. Петре Илиев од с. Пополжани, 26-годишен;
21. Ристе Стојанов од с. Пополжани, 50-годишен;
22. Ване Мицев од с. Пополжани, 52-годишен;
23. Стефо Танасов од с. Пополжани, 30-годишен;
24. Коце Ванев од с. Пополжани, 28-годишен;
25. Ване Георгиев од с. Пополжани, 48-годишен.[34])

Со други зборови речено, во прелудиумот на главниот удар на турската полиција биле уапсени, според познатите податоци, 25 работници на Организацијәта од селата, имајќи го притоа предвид и Јосиф Петков Жабјанецот.

Со тоа ја губи својата основа презентираната констатација во Мемоарот дека апсењата биле извршени едновремено.[35])

Веднаш по затворањето на Јосиф Петков, Организацијата презела мерки за неутрализација на турската акција при евентуална провала.

За тоа била наполно свесна турската полиција и поради тоа применила мудра тактика. Турската полиција во следните две недели, освен апсењата по селата, не презела ништо што би навело на помислата дека нешто дознала од Јосифа. Се добил впечаток дека Јосиф штом дотогаш ништо не провалил, нема ни натаму да провали. Понесени од илузијата за цврстината на Јосифа, раководителите на Организацијата во Битола, како и познаниците на Јосифа, почнале да излегуваат од своите засолништа. Токму тој момент на непретпазливост на главните актери на Организацијата и припадниците на терористичките групи, долго време го очекувала турската полиција за да им нанесе целосен удар.

[34]) Точенъ списъкъ на политическитѣ затворници . . ., в. Право, II/30 (38), 2.
[35]) Македония и Одринско, Мемоаръ . . ., 63.

Во тоа делумно успеала.

Главната акција на турската полиција почнала на 19 февруари ст. ст. /4 март н. ст. 1902 година со блокада на школите и кафеаните во Битола.[36])

Потоа биле затворени:

26. Ѓорѓи Поп Христов.[37])

27. Никола Стојков од Битола, 24-годишен;

28. Кочо Најдов од Битола, 20-годишен;

29. Михаил Наумов од Битола, 22-годишен;[38])

30. Кочо Песнаџиев;[39])

31. Николаки Робев;

32. Петар Робев, Николов син.[40])

Само благодарение на фактот што турската полиција лично не ги познавала, некои провалени лица успеале да ги избегнат нејзините канџи и преминале во илегалност. Меѓу нив бил Ѓорѓи Сугарев[41]),

---

[36]) Революционната борба въ Битолския окръг . . ., 42; Точенъ списъкъ . . ., в. Право, II/29 (37), 2..

Според Мемоарот, акцијата била спроведена нешто порано, т.е. на 12/25 февруари 1902 г. (Македония и Одринско, Мемоаръ . . ., 63). Сп. ф. 35.

Дотогаш, во еден напис на в. Дело (Арести въ Битоля . . ., 3), настанот е датиран подоцна, т.е. на 24.II/9 март 1902 год. Сп. Арести въ Битоля, — в. Дело, I/10—11, София, 18 мартъ 1902, 3.

[37]) „Бев успеал да се извлечам од Централното училиште кое беше блокирано Тргнав во Ени-маало. По патот бев посочен од еден шпион, кој бил скриен во аптеката на д-р Налев од Ени-маало. Полицијата не ме знаела кој сум и каков сум, само по име не знаела. Ме фатија и веднаш ме однесоа в участокот на испитување" — си спомнува Ѓ. П. Христов. (Революционната борба . . ., 42).

[38]) Точенъ списъкъ на политическитѣ затворници въ Битолския затворъ, — в. Право, II/29 (37), София, 6.IX.1902, 2.

[39]) Потребно е да се наспомне дека на 31 стр. од Спомените, Ѓ. П. Христов говори за Песнаџиев, додека на 43 стр. го спомнува под презимето Пенаџиев. (Революционната борба въ Битолския окръг . . ., 31, 43).

Ѓ. Димовски — Цолев го прифаќа презимето Песнаџија. (Г. Димовски — Цолев, Ѓорѓи Сугарев, Битола, 1968, 21).

Меѓутоа, вистинското презиме, при недостиг на документација, тешко може да се утврди.

[40]) Арести въ Битоля, (гр. Битоля, 6 мартъ), — в. Дело, I/10—11, София, 18 мартъ 1902, 4.

[41]) Революционната борба . . ., 42; Спомени на А. Лозанчев, ракопис . . ., 11.

Ѓ. Димовски — Цолев појдајќи од исказот на сестрата на Сугарев — Василка, ја изнесува верзијата дека Сугарев за да не падне во турски раце убил неколкумина полицајци (Ѓ. Димовски — Цолев, op. cit., 25—26). (Прашање е колку има вистина во сето ова.)

како и терористите: Јованче Кафецијата[42]), Нечо Егренец, Боше од с. Трап, Аце Коларчето, Ристе од Будаково и Тодор Фурнаџијата од с. Лажец.[43])

Освен во Битола, рација била спроведена и во некои села од Битолската и Леринската каза, како и во градовите Крушево и Лерин.

Тогаш во Лерин биле затворени:

33. М. Николов;

34. Андреја Кожуваров, раководител на Леринската организација.[44])

Тогаш бил уапсен и крушевскиот пренесувач на оружје:

35. Кола Михаилов.[45])

Во битолскиот затвор на жестока тортура биле подложени Кочо Песнаџиев и Михаил Наумов „за да кажат каде е оружјето што го купувале од трговците-Албанци".[46])

Нивната цврстина не била својствена за Кола Михаилов, којшто од своја страна придонесол за продлабочување на провалата. „Откако го изведоа пред мене на соочување кажуваше сè што знаеше, па дури и кој му ја дал клетвата. Раскраваше како сум му дал пари да купува и да носи пушки од Грција заедно со Тего Туџаров од Крушево и дека парите сум му ги броел во анот на Скаеви на Ат-пазар; дека сме му купиле специјален коњ за пренесување на оружје и сл."[47])

Меѓу другото, по заслуга на Кола Михаилов биле затворени браќата:

36. Јане Скаев;

37. Никола Скаев; и

---

[42]) Аресто въ Битоля. (Битоля, 26 февруарий), — в. Дело, I/10—11, София, 18 мартъ 1902, 3.

Според овој напис, во кафеаната на Јованче биле потпратени сомнителни личности со прозокативна цел.

Тогаш Јованче бил фатен од полицијата и подложен на тепање. Меѓутоа, успеал да се извлече. Неговото бегство било проследено со истрели. Штом се оддалечил и самиот почнал да стрела врз турската полиција. Со тоа неговата легалност била запечатена. (Cf. фусн. 36).

[43]) Революционната борба въ Битолския окръгъ . . ., 43; Ѓ. Димовски — Цолев, op. cit., 26.

[44]) Арести въ Битоля . . ., 4.
Революционната борба . . ., 42.

[45]) Революционната борба въ Битолския окръгъ . . ., 42.
Мајски погрешно го датира затворањето на Михаилова. Сп. Н. Кировъ — Майски, op. cit., 25.

[46]) Революционната борба . . ., 43.

[47]) Ibidem. (Ѓ. П. Христов).
Подоцна, Кола Михаилов ја открил скривницата за оружје во Крушево. Сп. Д. Димески, Ibidem, 153.

38. Јоше Скаев.[48])

На 25. II ст. ст. (10 март н. ст. 1902. бил затворен:

39. Тане Димев од с. Пополжани.[49])

Барем засега останува непознат датумот на затворањето на:

40. Ване Христов од с. Ајтос, Леринско, 35-годишен[50]);

41. Филип Терзиев од с. Градешница[51]), како и на браќата Настеви од с. Арменор, Леринско.[52])

Јосифовата провала засегнала 3 града и 14 села во Битолската и Леринската каза. Биле зафатени градовите: Битола, Лерин и Крушево, како и селата: Долно Егри, Букри, Барешани, Жабјани, Градешница, Журче, Бела Црква, Пополжани, Асаново, Лесковец, Росен, Арменор, Секулово и Борешница.[53])

Притоа биле затворени околу 70 лица.[54])

---

[48]) Революционната борба . . ., 43.

[49]) Точенъ списъкъ на политическитѣ затворници въ Битолския затворъ, — в. Право, II/31 (39), София, 22.IX.1902, 3.

Иако Ѓ. П. Христов смета дека и Тане бил предавник, фактот што Тане толку долго бил задржан в затвор, а не како останатите предавници ослободен, говори за спротивното. За цврстината на Тане говори и Н. Киров — Мајски. Cf. фусн. 28 и 30.

[50]) Точенъ списъкъ . . ., — в. Право, II/29 (37), София, 6.IX.1902, 2.

[51]) Революционната борба . . ., 43.

[52]) Арести въ Битоля, — в. Дело, I/10—11, 4.

Всушност, во написот фигурира с. Арменохор. Правилното име на селото е Арменор. Сп. Македония и Одринско, Мемоаръ . . ., 63; Христо Андонов — Полјански, Ibidem, 85.

[53]) Во Мемоарот на Внатрешната организација погрешно се констатира дека провалата засегнала 9 села во Битолската и 8 во Леринската каза, зашто во селата се вброени и градовите. Сликата сосем би се изменила доколку наместо села фигурира називот населени места. (Македония и Одринско . . ., 63).

Истата погрешка ја прави и Силјанов. Сп. Христо Силяновъ, op. cit., 141.

[54]) Според Мемоарот, биле затворени 68 лица. (Македония и Одринско..., 63).

Притоа е приложена следнава табела:

I. *Битолска каза*

| населби | затворени | мачени | |
|---|---|---|---|
| 1. с. Егри | 5 | 5 | |
| 2. с. Букри | 2 | 2 | |
| 3. с. Жабјани | 9 | 9 | |
| 4. с. Барешани | 5 | 5 | |
| 5. с. Градешница | 1 | — | |
| 6. гр. Битола | 9 | 4 | Осудени: 23 |
| 7. гр. Крушево | 6 | — | |
| 8. с. Журче | 1 | 1 | |
| 9. с. Бела Црква | 3 | 3 | |
| ВКУПНО: | 41 | 29 | |

Од нив, 46 биле осудени на казни од 3 г., 5 г., 101 година и смрт.[55])

На смрт биле осудени:

1. Ѓорѓи Поп Христов
2. Ристе Каранфилов[56])
3. Филип Терзиев
4. Јане Скаев
5. Никола Скаев
6. Ѓорѓи Пешков.[57])

---

II. *Леринска каза*

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1. с. Пополжани | 12 | 12 | |
| 2. с. Асаново | 6 | 6 | Осудени: 23 |
| 3. с. Лесковец | 1 | 1 | |
| 4. гр. Лерин | 2 | — | Вкупниот број на настрада- |
| 5. с. Росен | 1 | — | ните во 2 кази е: |
| 6. с. Арменор | 3 | 3 | а) затворени 68 |
| 7. с. Секулево | 1 | — | б) мачени 52 |
| 8. с. Борешница | 1 | 1 | в) осудени 46 |
| ВКУПНО: | 27 | 23 | |

Сепак, овој список на затворените не е целосен. Така, на пр., ние само во Битола спомнавме 10 души, а во табелата на Мемоарот фигурираат 9.

Според написот — Арести въ Битоля, — в. Дело, I/10—11, 3, во с. Кожани биле затворени 10—15 души, во с. Борешница 10—15. Затворени имало и во Асаново. Настрадало и с. Шестеово. Интересно е што овде фигурираат селата Кожани и Шестеово, што не се спомнати во Мемоарот. Но за тоа не располагаме со конкретни податоци.

Според Хр. Силјанов биле затворени над 70 лица. (Хр. Силяновъ, op. cit., 141); Ан. Динев, op. cit., 191.

Ги спомнавме имињата на четириесетина затвореници. За имињата на останатите не располагаме со податоци.

55) Македония и Одринско, Мемоаръ . . ., 63; А. Динев, op. cit., 191.

Според Силјанова, биле осудени околу 40 лица (Хр. Силяновъ, op. cit., 141).

Според Ѓ. П. Христов, покрај него биле осудени 35 лица. Сп. Къмъ борбитѣ въ Югозападна Македония . . ., 37.

56) Точенъ списъкъ на политическитѣ затворници . . ., в. Право, II/29 (37), 2.

Што се однесува до бројноста на осудените на смрт, според Ѓ. П. Христов биле — 5. Сп. Къмъ борбитѣ . . ., 37; Хр. Силяновъ, op. cit., 141.

Меѓутоа, според Мемоарот на смрт биле осудени 8 души. (Македония и Одринско, Мемоаръ . . ., 63).

57) Погрешна е констатацијата на Ѓ. Димовски — Цолев дека Ѓ. Пешков и Ѓ. П. Христов биле затворени едновремено во врска со Јосифовата провала. (Сп. Ѓ. Димовски — Цолев, op. cit., 25).

Ѓ. Пешков бил затворен пред Јосифовата провала поради придружувањето на Делчева. (Революционната борба въ Битолския окръг . . ., 38).

Меѓутоа, дури Јосифовата провала го открила вистинскиот негов лик пред очите на турската власт. Оттаму резултира смртната казна. (Ibid., 43).

На казна: 101 година робија биле осудени:

1. Никола Стојков од Битола[58])
2. Петко Трпчев од Асаново, Леринско
3. Кочо Најдов од Битола
4. Михаил Наумов од Битола
5. Цветан Јованчев од с. Жабјани[59])
6. Коста Песнаџиев[60]).

Останатите биле осудени на помали казни. Меѓу другите, на казна од 3 години затвор биле осудени:

1. Никола Котев од с. Барешани
2. Петре Георгиев од с. Барешани
3. Стефо Бошев од с. Жабјани
4. Дине Котев од с. Жабјани
5. Јован Наумчев од с. Жабјани
6. Петре Талев од с. Жабјани
7. Петре Димев од с. Жабјани
8. Гроздан Наумчев од с. Жабјани
9. Атанас Милев од с. Д. Егри
10. Тодор Лозанов од с. Букри
11. Петко Велков од с. Букри.[61])

Последиците од Јосифовата провала биле доста тешки.

Самата провала, гледана низ призмата на територијата што ја опфатила, бројот на затворените и осудените лица, тежината на казните, зголемениот број нелегални, запленувањето на извесно количество оружје, разоткриениот канал за пренесување на оружје, стагнацијата во прекупувањето и пренесувањето на оружје, стагнацијата во наоружувањето на населението, како и привременото опаѓање на неговиот морал, ѝ задала сериозен удар на Организацијата на овој терен.

---

58) Ѓ. П. Христов спомнува за Никола Кусото. (Революционната борба . . ., 43). Изгледа, се работи за иста личност.

59) Точенъ списъкъ . . ., в. Право, II/29 (37), 2.

60) Революционната борба въ Битолския окръг . . ., 43.

61) Точенъ списъкъ . . ., в. Право, II/29 (37), 2.
Ги спомнавме имињата на 23 осуденици. Енигмата на точниот број на осудените можат да ја разрешат единствено судските протоколи.

Што се однесува до Јосифа Петков, нему му пресудила Организацијата. Според Мемоарот (Македония и Одринско, Мемоаръ . . ., 63), Јосиф Петков наскоро бил ликвидиран.

Навистина, дел од последиците на оваа провала, барем што се однесува до осудените лица, бил ублажен со општата амнестија на политичките затвореници што настапила во почетокот на 1903 година по донесувањето на т.н. „Падарски реформи", една година по самата провала.[62])

Меѓутоа, најтешкиот удар, на прв поглед тешко видлив, со ништо не можел да биде надоместен.

Станува збор за затворањето на членовите на Окружниот комитет на ТМОРО Ѓ. П. Христов и Ѓ. Пешков[63]), како и преминувањето во илегалност на секретарот на Окружниот к-т Ѓ. Сугарев.

Слегувањето од сцената на Организацијата на половината гарнитура од неодамна реорганизираниот Окружен к-т[64]), како и доаѓањето на Лозанчев на кормилото на Организацијата во Вториот револуционерен округ, го свртило курсот на Организацијата во Округот кон драматичен расплет.

Токму тоа ја потенцира историската тежина на Јосифовата провала.

Токму тоа, во извесна смисла, асоцира на познатата промена што настанала во ЦК на ТМОРО по Солунската провала 1901 година.

Конечно, по спроведувањето на Д. Груев за Подрум Кале на 22 мај ст. ст. /4 јуни н. ст. 1902 година[65]), патот за самоволни амбициозни постапки на Лозанчева бил наполно чист.

Потсвесната Лозанчева лозинка — „Округот — тоа сум јас" дошла до полн израз на Солунскиот конгрес на ТМОРО во јануари 1903 година при донесувањето судбоносно решение за иднината на револуционерната борба.[66])

---

[62]) Г. П. Христов и неговите другари биле ослободени на 22.II. ст. ст. /7 март н. ст. 1903 година, по едногодишен затворенички живот. Сп. Къмъ борбитѣ . . ., 39; Революционната борба . . ., 44.

[63]) Навистина, Ѓ. Пешков бил затворен порано, но имало изгледи да биде ослободен. Меѓутоа, Јосифовата провала ја запечатила неговата судбина. (Cf. фусн. 57).

[64]) Според Ѓ. П. Христов, за време на Делчевата посета на Битола есента 1901 година бил реорганизиран Окружниот к-т.

Во неговиот состав влегле: Ѓ. П. Христов (претседател), Ѓ. Сугарев (секретар), А. Дорев (касиер), (советници): — Ат. Лозанчев, Ѓ. Пешков и Н. Дамчев. Сп. Революционната борба въ Битолския окръг . . ., 37; Ѓ. Димовски — Цолев, op cit., 23—24.

Меѓутоа, според Лозанчева, Делчев нему му доверил да го определи составот на Окружниот к-т. Сп. Спомени на Ат. Лозанчев, ракопис . . ., 10.

[65]) Дамянъ Груевъ заточенъ, — в. Право, органъ на македоно-одринскитѣ интереси, бр. 15 (33), София, 31 май 1902, 2.

[66]) „Есента Гарванов внимателно зема решение за востание, внимателно советувајќи се со луѓе, за коишто бил сигурен дека ќе клонат така што после да го изнесе како решение на округот. Ги сондирал Лозанчева во Битола и Дамета, изгледа." (Спомени на Ѓ. Петров, Скопје, 1950, 123).

Колку вистина има во оваа претпоставка за Дамета тешко може да се каже при недостиг на основна документација.

Битолскиот револуционерен округ го понесол главниот товар на македонската илинденска голгота. Фактот што за тоа, од своја страна парцијално придонесла Јосифовата провала — ја детерминира нејзината важност.

*D. DIMESKI*

## THE TREASON OF JOSIF, 1902

### (Summary)

The treason of Josif is first in a series of treasons which in 1902 shattered the Secret Macedonian — Odrinian Revolutionary Organization (TMORO) in the district of Bitola.

It included three cities and fourteen villages in the environments of Bitola and Lerin. The treason of Josif viewed from the point of the territory it comprised, the number of imprisoned and sentenced persons, the severity of the sentences, the amount of confiscated weapons, and the finding out of the channel through weapons were provided, the stagnation in the trade with arms, and the falling off in the revolutionary morale — was a serious blow to the Organization in the district of Bitola.

The heaviest blow of all was the moving off of half the revolutionary staff of the District Committee of the TMORO.

The importance of the treason of Josif can be further emphasised with the fact that it was one of the main events that brought about the Ilinden Uprising.